# ПРЕДИЗВИЦИ ВО ИДЕНТИФИКАЦИЈАТА, ЗАШТИТАТА И РЕИНТЕГРАЦИЈАТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

# 20 ГОДИНИ ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

Анализата е посветена на сите жртви на трговијата со луѓе кои добиле помош и поддршка од Отворена порта/Ла Страда.

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**ЗГ** Здружение на граѓани

**ЗКП** Закон за кривична постапка

**ЗО** Здравствено осигурување

**ЈО** Јавно обвинителство

**КЗ** Кривичен закон

**МВР** Министерство за внатрешни работи

**МТСП** Министерство за труд и социјална политика

**НЕСКМТЛ** Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе

**НВО** Невладина организација

**СОП** Стандардни оперативни процедури

**ТЛ** Трговија со луѓе

**ЦСР** Центар за социјална работа

## СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР 6

ВОВЕД 8

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И СОБИРАЊЕТО ПОДАТОЦИ 9

**I. СОСТОЈБАТА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** 10

1.1 МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ ЛЕГИСЛАТИВИ ЗА КРИМИНАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ 11

1.2 КОИ СЕ НАЈЧЕСТИТЕ ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И КАКО СЕ ОДВИВА НИВНАТА ИДЕНТИФИКАЦИЈА 12

**II. ЗАШТИТА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ** 19

2.1 УЛОГАТА НА ПРИФАТИЛИШТЕТО ЗА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ 20

2.2. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД ДОСИЕЈАТА НА ЛИЦАТА ВКЛУЧЕНИ ВО ПРОГРАМАТА 21

2.2.1. ОПШТИ И ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ 21

2.2.2. ПОДАТОЦИ ЗА СЕМЕЈНАТА И СОЦИОЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА НА КОРИСНИЦИТЕ 23

2.2.3. ПОДАТОЦИ ЗА НАЧИНОТ НА ВОВЛЕКУВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ И ВИДОТ НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА 24

2.2.4. ПОДАТОЦИ СПОРЕД ВИДОТ НА УКАЖАНАТА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ 26

2.3 КАКО СЕ ОДВИВА РЕИНТЕГРАЦИЈАТА НА ЖРТВИТЕ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ 29

**III. ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ НИЗ ПРИЗМАТА НА ЖРТВИТЕ** 32

3.1 МОНИКА: „МИСЛЕВ ДЕКА Е ИСКРЕНА ЉУБОВ“ 33

3.2 АНА: „ПОВЕЌЕ НЕ МОЖАМ ДА ВЕРУВАМ НИКОМУ“ 35

3.3 САНДРА: „ВО МОЈОТ СЛУЧАЈ НЕ ПОСТОИ ПРАВДА“ 37

**ЗАКЛУЧОЦИ** И **ПРЕПОРАКИ** 40

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 44

ШТО ВЕЛАТ ДРУГИТЕ ЗА ОТВОРЕНА ПОРТА 46

# ПРЕДГОВОР

## ОТВОРЕНА ПОРТА/ЛА СТРАДА 2000 – 2020

*Отворена порта е здружение на граѓани основано во 2000 година. Денес сé уште се препознава како лидерска организација, која веќе 20 години работи врз полето на сузбивање на трговијата со луѓе. Од 2001 година, Отворена порта е членка и рамноправен партнер на Ла Страда – интернационална мрежа за борба против трговијата со луѓе. Во своето долготрајно постоење Отворена порта е препознаена по својата посветеност, професионалност и истрајност, како на национално така и на меѓународно ниво.*

*Во својата долгогодишна работа, Отворена порта го применува пристапот заснован врз човековите права, со што целосно ги застапува основните човекови права и интереси на лицата кои се жртви на трговијата со луѓе и на сексуално насилство. Исто така, како граѓанска организација активно учествува во градењето политики и стратегии, со цел намалување на бројот на жртвите од трговијата со луѓе и обезбедување подобар третман на тргуваните лица и на други ранливи групи во општеството. Активностите на Отворена порта се базираат врз основа на сеопфатни програми, коишто се насочени кон информирање и лобирање, превенција и едукација, како и кон директна помош и поддршка.*

*Во 2002 година, Отворена порта за првпат ја отвори бесплатната СОС телефонска линија, која и денес сé уште работи како единствен сервис од јавен интерес што им овозможува на граѓаните да добијат информации, совети и помош за проблемите од трговијата со луѓе. Од 2005 г., во рамките на Отворена порта функционира првото и единствено прифатилиште, каде што на жртвите од трговијата со луѓе им се обезбедува директна помош и поддршка во надминувањето на тешкотиите со кои се соочиле, а од 2019 година, прифатилиштето е отворено и за жртвите од сексуално насилство. Од 2012, Отворена порта го спроведува и моделот на придружна социјална работа којшто обезбедува помош, поддршка и реинтеграција на потенцијалните жртви и на жртвите на трговијата со луѓе коишто не се сместени во прифатилиштето.*

*Следејќи ги миграциските текови во 2014 година, Отворена порта спроведуваше програми за поуспешно интегрирање на барателите на азил во Прифатниот центар за баратели на азил Визбегово. Но, со зголемувањето на бројот мигранти кои транзитираа низ државата во средината на 2015 година, Отворена порта започна со обезбедување на директна помош и поддршка на мигранти, бегалци и баратели на азил преку теренска работа и за таа цел беа формирани мобилни тимови во транзитните центри „Винојуг" – Гевгелија и Табановце.[1] Услугите од страна на Отворена порта беа достапни и надвор од транзитните центри, односно во пограничните области на северната и јужната граница.*

*Во периодот од 2018 до крајот на 2019 година, Отворена порта беше вклучена во мултидисциплинарните национални Мобилни тимови за рана идентификација на ранливи категории, вклучувајќи ги и жртвите на трговијата со луѓе.*

[1] За подетални информации, види го Анекс 1.

# ВОВЕД

Трговијата со луѓе е глобален феномен, во којшто секоја година се вовлекуваат милиони деца, жени и мажи. Не постои прецизна статистика со којашто ќе се види реалната бројка на лицата кои биле вовлечени во синџирот на т.н. модерно ропство. Според истражувањето на Меѓународната организација на трудот и на Фондацијата Walk Free, се проценува дека во 2016 година околу 40,3 милиони луѓе биле жртви на модерното ропство.[2]

Почетоците на трговијата со луѓе во Македонија се забележани во периодот на 90-тите години, но не се негира фактот дека и пред тоа постоел овој глобален проблем во земјава, иако не бил толку забележителен. Особено во периодот по распадот на Југославија, како резултат на политичката нестабилност и воените конфликти, се забележувал зголемен број на организирани криминални групи кои регрутирале малолетни девојчиња и возрасни жени од источноевропскиот блок ветувајќи им подобра заработувачка. Така, овие лица, барајќи подобри егзистенцијални можности, наивно навлегуваа во ваквиот синџир станувајќи жртви на сексуална и трудова експлоатација. Во тој период, РС Македонија, како и останатите земји во регионот, беше земја на дестинација и транзитна земја за трговијата со луѓе.

Но, по 2004 година, особено со либерализацијата на визниот режим на поголемиот дел од земјите од Источна Европа и со инкриминирањето на трговијата со луѓе во меѓународните и националните законодавства, во земјава е забележана промена во трендот на одвивањето на трговијата со луѓе. Покрај транзитна и дестинација, Македонија станува и земја на потекло, чиишто граѓани се жртви на трговијата со луѓе во други држави, но и во внатрешноста на земјата. Оттогаш се забележуваат и промени во начинот на вовлекување, така што регрутерите сé повеќе се лица познати на жртвите, најчесто блиски членови од семејството, пријатели, познајници, партнери итн. Освен тоа, се зголемува застапеноста на малолетните женски жртви на трговијата со луѓе и се појавуваат нови видови на ТЛ, како што се присилните бракови и питачењето. Во периодот од 2014 година, се појавува масовна миграција на економски мигранти и бегалци како дел од „Балканската рута" на земјите од Блискиот Исток и Северна Африка во Македонија. Во тој контекст, надлежните институции за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција се соочија со сложен и проблематичен процес на идентификување на жртвите на трговија со луѓе помеѓу мигрантите, бегалците и барателите на азил.

Со менување на трендот на трговијата со луѓе во земјава, се менува и начинот на обезбедување заштита и помош за жртвите. Фокусот на оваа анализа е да се препознаат и да се адресираат предизвиците и препреките со кои се соочувале и сé уште се соочуваат жртвите на трговијата со луѓе. Суштинската цел е да се идентификува одвивањето на механизмите и практиката за справување со трговијата со луѓе преку искуствата на самите жртви, институциите и граѓанските организации кои учествуват во борбата против трговијата со луѓе, за да се придонесе кон пронаоѓање долгорочни решенија за заштита на жртвите од овој глобален феномен. Во оваа анализа ќе се користи терминот „жртви", но ние ја препознаваме нивната храброст и борбеност и сметаме дека тие не се жртви, туку лица кои храбро го преживеале ова искуство.

[2] Меѓународна организација на трудот, Женева (2017): „Глобална проценка на модерното ропство; принудна работа и принуден брак".



# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И СОБИРАЊЕТО ПОДАТОЦИ

Анализата се базира врз канцелариско и врз теренско истражување. Во канцеларискиот истражување се вклучени клучни меѓународни и национални извештаи и истражувања поврзани со трговијата со луѓе во земјава. Во теренскиот дел се спроведоа полуструктурирани интервјуа со претставниците на институциите и на граѓанските организации што се директно инволвирани во борбата против трговијата со луѓе. Како што може да се види (во Табелата 1), беа спроведени 6 интервјуа, некои лично, а некои телефонски.

Табела 1: Полуструктурирани интервјуа со претставници на институции и на ЗГ.

| Име на организација/институција | Број на учесници |
|---|---|
| ЗГ Отворена порта | 2 |
| Центар за социјални работи, одделение за заштита на жртвите од трговијата со луѓе | 1 |
| Национален механизам за упатување - МТСП | 1 |
| Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе - МВР | 1 |
| Адвокатка која ги застапува корисниците на услугите на Отворена порта | 1 |

Истражувањето исто така се заснова и врз анализирање на 168 досиеја на корисници на програмата на ЗГ Отворена порта, во периодот помеѓу 2005 и 2020 година. За периодот од 2005 до 2011 година, дел од податоците се земени од спроведеното истражување „Од сигурно сместување до социјална интеграција на жртвите од трговијата со луѓе" (2011), додека за останатите досиеја на жртвите се изработи прашалник составен од отворени и затворени прашања. По пополнувањето на прашалниците, добиените податоци се анализираа квантитативно.

Со цел да се добие целосна слика и да се надополнат податоците што не можеа да се добијат од квантитативната анализа на досиејата на жртвите, спроведени се три полуструктурирани интервјуа, прикажани како студија на случај. Првиот приказ на случај е случајот на жртва која била тргувана од лице што се претставувало како нејзино момче, вториот случај е на жртва која била сексуално експлоатирана од веќе познато лице на жртвата и последниот случај е случајот на жртва на трговија со луѓе регрутирана од пријател, со посебен акцент врз то на жртвата со институциите и судството. Имињата, како и општите податоци на жртвите се променети, со цел да се заштитат. За анализа на квалитативните податоци се примени методот на анализа на контекстот. Сите учесници кои беа интервјуирани за целите на оваа анализа однапред беа запознаени со истражувањето и им беше побарана усна, односно (за некои) писмена согласност.

# I.
# СОСТОЈБАТА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Во овој дел ќе се даде краток преглед на процесот на трговијата со луѓе во земјата. Најпрвин ќе се разгледаат најважните меѓународни документи кои Македонија ги има ратификувано, како и законските промени во националното законодавство со коишто се инкриминира трговијата со луѓе. Потоа ќе се прикаже каков е општиот профил на жртвите во земјата, со посебен акцент врз процесот на нивната идентификација.

## 1.1 МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ ЛЕГИСЛАТИВИ ЗА КРИМИНАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

Криминализирањето на трговијата со луѓе во Република Северна Македонија започнува во 2004 година, со ратификувањето на Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца, која ја надополнува Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал (Протоколот Палермо од 2000 год.). Според оваа конвенција, трговијата со луѓе се дефинира како комбинација на следните три елементи:[3]

| ДЕЈСТВИЕ | СРЕДСТВА | ЕКСПЛОАТАЦИЈА |
|---|---|---|
| ВРБУВАЊЕ<br>ПРЕНЕСУВАЊЕ<br>ПРЕВЕЗУВАЊЕ<br>ТРАНСФЕР<br>ЗАСОЛНУВАЊЕ ИЛИ<br>ПРИФАЌАЊЕ НА ЛИЦА | ЗАКАНА,<br>УПОТРЕБА НА СИЛА ИЛИ ДРУГИ<br>ФОРМИ НА ПРИНУДА<br>ГРАБНУВАЊЕ<br>ИЗМАМА<br>ДОВЕДУВАЊЕ ВО ЗАБЛУДА,<br>ЗЛОУПОТРЕБА НА ПОЛОЖБАТА ИЛИ<br>РАНЛИВАТА СОСТОЈБА НА ДРУГИ ИТН. | МИНИМУМ, ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА<br>ПРОСТИТУЦИЈАТА НА ДРУГИ ЛИЦА<br>ИЛИ ДРУГИ ФОРМИ НА СЕКСУАЛНА<br>ЕКСПЛОАТАЦИЈА, ПРИНУДНА<br>РАБОТА ИЛИ УСЛУГИ, РОПСТВО<br>ИЛИ ДРУГИ ПРАКТИКИ СЛИЧНИ<br>НА РОПСТВОТО, СЛУГУВАЊЕ ИЛИ<br>ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОРГАНИ. |

Со самото ратификување на овој меѓународен документ, којшто воедно стана дел и од домашното законодавство, Македонија за првпат ја инкриминира трговијата со луѓе во Кривичниот закон. Имено, според членот 418-а од овој закон, под трговија со луѓе се подразбира:

*Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна бременост, незаконито посвојување или нему сличен однос, питачење или експлоатација заради со закон забранета активност или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.*

[3] https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/protocoltraffickinginpersons.aspx
[4] Кривичен закон (2013) стр.190-192 достапно на. https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Krivichen-zakonik-integralen-prechisten-tekst.pdf190-

Низ годините, Кривичниот закон претрпе низа промени, со цел да се хармонизира со меѓународните документи за борба против трговијата со луѓе. Најновите промени во овој закон се направени во 2018 година; имено, во членот 418-а се наведува дека доколку сторителот на делото трговија со луѓе е службено лице, ќе се казни со казна затвор од најмалку 5 години, казна која претходно изнесувала 8 години. Дополнително, позитивна промена во овој закон е додавањето на ставот 7 во членот 418-а со којшто не се казнува жртвата доколку била принудена да стори некое кривично дело кое произлегло од нејзината положба како жртва, а исто така во членот 418-г се додава нов став во којшто се наведува дека нема да се казнува дете-жртва кое сторило кривично дело, ако тоа произлезе од неговата положба како жртва.[5]

Друг есенцијален меѓународен документ којшто е од суштинско значење во борбата против трговијата со луѓе е Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе, која стапи на сила во 2008 година, а Македонија ја има ратификувано во 2009 година. Конвенцијата има за цел: превенирање, заштита, ефикасна истрага и гонење на сторителите, како и унапредување на меѓународната соработка.[6]

## 1.2 КОИ СЕ НАЈЧЕСТИТЕ ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КАКО СЕ ОДВИВА НИВНАТА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

Република Северна Македонија, поради својата геостратешка положба, претставува транзитна земја, но и земја на потекло, во која се врши регрутација во и надвор од границите. Според последниот извештај на американскиот Стејт Департмент (2020), Македонија е рангирана под ТИЕР-2, во којшто спаѓаат земјите во кои властите не ги исполнуваат минималните стандарди за борба против трговијата со луѓе, иако прават напори за справување со овој проблем.

Во однос на тоа кои се најчестите жртви на трговијата со луѓе во земјава, може да се заклучи дека нема разноликост. Од подолу прикажаните податоци во Табела 2 може да се забележи мала застапеност на машки жртви во трговијата со луѓе, за разлика од онаа на малолетните женски лица, каде што се забележува тренд на зголемување, а истовремено може да се види дека поголем дел од жртвите се од внатрешноста на земјата. За разлика од тоа, бројот на странски државјани е прилично мал и на прв поглед тоа може да укажува во промената на трендот на трговијата со луѓе, од една страна, но од друга страна, можеби покажува отсуство на скрининг на странските државјани. Дури и кога се спроведува скрининг од страна на надлежните институции, не секогаш таквите лица се регистрирани и идентификувани како жртви на трговијата со луѓе.

[5] Ibid
[6] Конвенција на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе (2005).
[7] Нема достапен извештај за 2006.
[8] Податокот е земен од годишните извештаи на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција.



Табела 2: Сумирани податоци за идентификувани жртви од ТЛ во периодот 2005 – 2019 година.

| Година | Идентификувани случаи на ТЛ | | Државјани | | Пол | | ВК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | под 18 год. | над 18 год. | македонски | странски | машки | женски | |
| 2005 | нема податок | нема податок | нема податок | нема податок | нема податок | нема податок | 12 |
| 2006[7] | / | / | / | / | / | / | / |
| 2007 | 4 | 7 | 11 | 1 | / | 12 | 12 |
| 2008 | 9 | 2 | 11 | / | / | 11 | 11 |
| 2009 | 7 | 1 | 8 | / | / | 8 | 8 |
| 2010 | 5 | / | / | / | / | 5 | 5 |
| 2011 | 6 | 5 | 9 | 2 | / | 11 | 11 |
| 2012 | 5 | 3 | 4 | 4 | 2 | 6 | 8 |
| 2013 | 9 | 6 | 9 | 6 | / | 15 | 15 |
| 2014 | 6 | 2 | 7 | 1 | 1 | 7 | 8 |
| 2015 | 2 | 1 | 2 | 1 | / | 3 | 3 |
| 2016 | 3 | 3 | 5 | 1 | / | 6 | 6 |
| 2017 | 2 | / | 2 | / | / | 2 | 2 |
| 2018 | 6 | 3 | 8 | 1 | / | 9 | 9 |
| 2019 | 4 | 2 | 3 | 3 | / | 6 | 6 |

Извор: Годишни извештаи на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција

Само за компарација, во периодот помеѓу 2003 и 2005 година се забележува поголема идентификација на странските женски државјани со потекло од Романија, Бугарија, Молдавија, Украина, Белорусија итн., кои од страна на надлежните институции најчесто биле откривани во угостителски објекти во коишто работеле како келнерки, танчерки, придружнички на гости итн. Кај нив било забележано дека покрај трудовата експлоатација, биле и жртви на сексуална експлоатација.[8] Од друга страна, во јавно објавениот годишен извештај на Министерството за внатрешни работи се содржи податок според којшто во периодот на 2019 год. биле спроведени акциски патроли во угостителски објекти каде што „биле затекнати 204 странски државјанки од Албанија, Србија, Бугарија, Косово итн., но исто така биле затекнати 218 македонски државјанки кои биле изложени на експлоатација од страна на нивните сопственици".[9] Евидентно е отсуството на волја и немањето капацитети од страна на надлежните институции да се справат со случаите на експлоатација. Тоа го потврдува и извештајот на американскиот Стејт Департмент од 2020 година, во којшто се наведува дека надлежните власти треба да прават проактивна идентификација на жртвите.[10]

Последователно на ова, претставник на ЗГ дава податок според којшто откривањето на жртвите кои биле изложени на некој вид на експлоатација е секогаш проблематично, бидејќи сè уште постои депортација на странски државјанки од Македонија, иако надлежните органи наведувале дека немало индиции на ТЛ. Сепак, се поставува прашањето како се извршила идентификацијата, дали е направен вистински скрининг и зошто е извршена депортација. Прилично слична е ситуацијата со внатрешната идентификација на жртви на ТЛ. Од истата табела може да се забележи дека бројот на идентификувани жртви осцилира. Од 2014 година наваму, мала е бројката на идентификувани жртви. Претставниците на ЗГ алармираат за малиот број на идентификувани жртви од ТЛ. Според нив, бројката е неверодостојна, а тоа, пред сè, се должи на отсуство на активна идентификација од страна на надлежните институции особено во периодот на бегалската криза, кога откривањето на внатрешната трговија со луѓе беше запоставена.

Во 2008 година, во Македонија за првпат се донесени Стандардни оперативни процедури за постапување со жртвите на трговијата со луѓе и тие се ревидирани двапати. Последните СОП се ревидирани во 2018 година. Целта на СОП е; координација со сите актери коишто се вклучени во борбата против трговијата со луѓе, како на локално така и на национално и меѓународно ниво, идентификација, како и заштита на жртвите во согласност со нивните основни човекови права. СОП се наменети како за странските, така и за домашните жртви на трговијата со луѓе.
Истовремено се наменети и за малолетни и за возрасни жртви на ТЛ и за разлика од претходните, во

[9] Годишен извештај на МВР (2019) стр. 36
[10] Стејт Департмент на САД (јуни 2020) „Трговија со луѓе – извештај, 20. издание".
[11] Влада на Република Македонија, Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција (2018) „Стандардни процедури за постапување со жртви на трговијата со луѓе".
[12] Ibid

овие СОП е јасно прецизирано како надлежните институции да постапуваат со малолетничка жртва на ТЛ во однос на: идентификација и упатување, помош и поддршка, реинтеграција и ресоцијализација, враќање и кривична постапка. Дополнително на ова, во 2014 година биле донесени посебни индикатори за идентификација на жртвите на ТЛ, кои на надлежните институции им се помошни алатки во процесот на идентификација, упатување, заштита и реинтеграција на жртвите.

Индикаторите се поделени на директни и индиректни, од кои вторите се наменети за потенцијални жртви, додека директните индикатори се наменети за идентификувани жртви и понатаму се поделени на општи и специфични според видот на експлоатацијата. Но тие се разликуваат за малолетни деца и за возрасни лица жртви на ТЛ.[13] Индикаторите не се ревидирани од нивното донесување; претставник на ЗГ и една институција ја изразуваат потребата од повторно ревидирање на постоечките индикатори бидејќи трендот на регрутирање на жртвите се менува, како што се менуваат тековите и настаните во секојдневното наше живеење, особено во денешницата кога социјалните мрежи се наше секојдневие.

*Не сите институции знаат кои им се одговорностите во согласност со СОП, некои институции знаат да се координираат со нас, бидејќи не им е јасно кои ингеренции ги имаат и се јавуваат да прашаат како да постапуваат, но тоа не се случува со сите.*

Како проблем се јавува и честото менување на стручните лица кои работат со оваа проблематика во институциите. Откако еден тим ќе помине низ потребната обука за препознавање и идентификување жртви од ТЛ, за кратко време се поставува нов тим којшто што немал обука од таа област и затоа се јавуваат непрепознавање на индикаторите на ТЛ и чести грешки и забуни.

Искуствата во практиката често покажуваат дека идентификувањето на жртвите затајува некаде низ лавиринтите на државните институции. Таков е случајот со 13-годишната малолетничка која била згрижена во државна институција. Малолетничката била сексуално злоставувана од 2017 година, а случајот бил обелоденет во 2018 година, откако малолетничката на неколку наврати се водела како избегано лице.[14] За жал, надлежните институции задолжени да постапат и преземат службени дејствија не реагирале навремено на овој случај со жртва на ТЛ. Во ист контекст, претставник на ЗГ нотирал случај во 2019 година во којшто малолетно девојче, доброволно, со поддршка на пријател, одлучило да пријави во една од надлежните институции дека е жртва на ТЛ. Меѓутоа, од случајот произлегло дека малолетното девојче веќе имало воспоставено контакти со таа надлежна институција, а институцијата не го препознала случајот како случај на жртва на ТЛ. Аналогно на ова, претставник на државна институција потенцира дека најчестите проблеми со идентификацијата на жртвите е неможноста за кратко време да се соберат и доставаат докази до Јавното обвинителство за да се потврди дека лицето е навистина жртва на ТЛ:

*Да, ние ќе идентификуваме потенцијална жртва на ТЛ, но ЈО за да постапи за случајот бара докази веднаш, така што не може единицата од МВР да постапува веднаш како за жртва од трговија со луѓе ако не добие налог од ЈО. Да, ние сме идентификувале, но сето тоа треба да се преиспита и понатаму да се соберат докази до крај, кои веднаш ќе бидат доставени, и тука наидуваме на проблеми со тоа што ние идентификуваме лице како жртва на ТЛ и првично се известува ЈО за малолетници, коешто дава налог за некое друго кривично дело и сметаат дека трговијата подоцна ќе ја докажеме.*

[13] Индикатори за идентификација на жртви на трговијата со луѓе (2014) .
[14] https://ako.mk/13-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%BD%D0%B0-%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%98%D1%83-%D0%B4%D0%BE%D0%BC-25-%D0%BC%D0%B0%D1%98-%D0%B0%D0%B1/



| Година | Вид на експлоатација | Вкупно |
| --- | --- | --- |
| 2005 | нема податок | / |
| 2006 | нема податок | / |
| 2007 | Сексуална и трудова | нема податок |
| 2008 | Сексуална<br>Сексуална и трудова | нема податок |
| 2009 | Присилен брак, трудова експлоатација, комбинација со питачење и сексуална | нема податок |
| 2010 | нема податок | / |
| | Сексуална | 8 |
| 2011 | Сексуална и трудова | 2 |
| | Трудова | 1 |
| | Сексуална | 1 |
| | Сексуална и трудова | 4 |
| | Трудова | 1 |
| 2012 | Присилен брак и сексуална | 1 |
| 2013 | Присилен брак и трудова | 1 |
| | Сексуална | 5 |
| | Сексуална и трудова | 4 |
| | Трудова | 2 |
| 2014 | Присилен брак | 4 |
| | Присилен брак (трудова и сексуална) | 3 |
| | Сексуална | 3 |
| 2015 | Присилен брак | 1 |
| | Питачење | 1 |
| | Присилен брак (трудова и сексуална) | 1 |
| | Сексуална | 1 |
| 2016 | Присилен брак | 1 |
| | Сексуална | 5 |
| | Присилен брак и сексуална | 1 |
| 2017 | Сексуална | 1 |
| | Тудова (питачење) | 1 |
| 2018 | Сексуална | 6 |
| | Присилен брак | 3 |

Истовремено, во праксата посебен предизвик претставува идентификацијата кај лицата со попреченост, земајќи го предвид фактот дека оваа ранлива група често може да биде подложена на ризик од станување жртва на ТЛ, при што не секогаш самите тие се во состојба да препознаат дека се жртви на која било форма на ТЛ. Особено со самиот процес на деинституционализација и промените во образовниот процес, се наметнува потребата оваа ранлива група да биде поактивно информирана за ваквата проблематика, со тоа што повеќе би се работело во однос на превенцијата и едукацијата, како и за потребата од посебен третман и заштита.

Понатаму, според видот на експлоатацијата, од прикажаните податоци во Табела 3 може да се заклучи дека најмногу од идентификуваните лица се жртви на сексуална експлоатација, додека најмалку се идентификувани жртви на трудова експлоатација. Истовремено, може да се забележи дека кај некои жртви на ТЛ се застапени комбинирани видови експлоатација, како што се: присилни бракови и сексуална експлоатација, присилни бракови и трудова експлоатација, сексуална и трудова експлоатација итн.[15]

Табела 3: Сумирани податоци според видот на експлоатација во периодот 2005 – 2019 година.

Извор: Годишни извештаи на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција

[15] Податокот е земен од годишните извештаи на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција.

Соговорниците опфатени со оваа студија го потврдуваат податокот дека трудовата експлоатација е најнепрепознаена во нашата земја. Тие како една од причините наведуваат дека трудовите инспектори, кои се надлежни за идентификување на овој вид експлоатација, малку или, пак, воопшто не ја препознаваат како таква. При редовните контроли, трудовите инспектори не обрнуваат многу внимание дали има жртви на трговија со луѓе, а тоа е така, пред сѐ, поради сѐ уште постоечката пракса дека некој друг инспектор треба да се занимава со тоа прашање, додека тие самите, според законските надлежности, претежно прават контроли на правни лица (агенции, фабрики, фирми итн.). Од друга страна, според законската регулатива, трудовите инспектори немаат ингеренции, не вршат контроли и увид во сектори што не се регистирани, или во т.н. сива економија. Во контекст на ова, во последниот извештај на ГРЕТА за 2017 година, се препорачува државата да преземе активности за превенција и препознавање на трудовата експлоатација како вид трговија со луѓе.[16]

Дополнително, иако во Кривичниот закон се вклучени сите форми на експлоатација, вклучувајќи незаконско посвојување и недозволено пресадување делови од човековото тело, не може да се биде рамнодушен а притоа да не се напомне дека во практиката воопшто не се препознаваат, односно нема идентификувано ниу еден таков случај.

Забележително е што мнозинство од интервјуираните лица, како позитивен пример во практиката во насока на идентификување на жртвите од ТЛ, го наведуваат воспоставувањето на 5-те мобилни тима во Скопје, Битола, Гевгелија и Тетово. Целта на овие тимови беше да се идентификуваат ранливите категории граѓани, вклучително и жртвите на трговијата со луѓе. Составот на тимовите беше од мешовит карактер, односно во него беа вклучени претставници на Центарот за социјални работи, МВР – НЕСКМТЛ и НВО. Формирањето на овие тимови е резултат од препораките дадена од страна на експертската група ГРЕТА во мониторинг-извештајот наменет за имплементацијата на конвенцијата на Советот на Европа Р. С. Македонија. Од прикажаниот Графикон 1, се забележува дека во 2018 година најмногу се идентификувани потенцијални жртви на ТЛ, меѓу кои најголемиот дел се од машки пол. Проектот беше поддржан од една меѓународна организација и траеше 18 месеци, но со завршувањето на овој проект тимовите престанаа да функционираат.

СЛИКА 1: ПРЕГЛЕД НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЖРТВИ ОД ТЛ




Извор: Годишни извештаи на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција

Ова е еден од примерите којшто покажува дека во Македонија честа практика е да се отпочне проект којшто покажува позитивни резултати, но на долгорочен план да биде неодржлив, особено кога треба да биде преземен од страна на надлежните органи. Тоа е забележано и од страна на интервјуираниот претставник на ЗГ, кој истакнува:

[16] ГРЕТА (2017) 39: „Извештај во врска со имплементацијата на Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа во Поранешната Југословенска Република Македонија“



*Воспоставивме мобилни тимови од 2018 година до крајот на 2019 година, кои беа за идентификување жртви, и со завршувањето на проектот, се поставува прашањето зошто некои иницијативи што се добродојдени не се одржливи. Фактички, идејата беше да се обедини граѓанскиот сектор и институциите од ЦСР и МВР со цел заеднички да учествуваат во идентификацијата. Резултатот од тоа е што се идентификуваа поголем број потенцијални жртви на ТЛ, и тоа е добро затоа што значи проактивна идентификација. Односно, да идентификуваш случај пред да се случи самиот чин на експлоатација, што претставува позитивно и успешно спречување на ТЛ.*

Карактеристично за терминот 'потенцијални жртви на трговијата со луѓе' е што не е дефиниран во Кривичниот законик и во Законот за кривична постапка. Сепак, дефиниран е во СОП од 2018 година, „во кој под потенцијална жртва се подразбира лице за кое врз основа на ранливата состојба и околностите во кои се наоѓа, постојат показатели дека е жртва на трговија со луѓе, но нејзината/неговата идентификација сѐ уште не е завршена или лицето одбива да биде идентификувано како жртва. Според овие процедури, кај потенцијалната жртва најчесто недостасува елементот на присилба или нема доволен број докази, при што со индиректни индикатори се идентификуваат потенцијалните жртви, кои инаку треба да имаат исти права и ист третман како и жртвите на трговија со луѓе.“ [17]

[17] ЗГ Отворена порта и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на сите, Балкан Дејствувај сега (2020), извештај: „ Каква е состојбата со трговијата со луѓе во РСМ?“ стр. 4




# II. ЗАШТИТА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

Во овој дел е даден подетален преглед за предизвиците и препреките со коишто се соочуваат жртвите на трговијата со луѓе преку презентирање на добиените податоци од анализираните досиеја на корисниците на програмата на ЗГ Отворена порта. Истовремено се разгледува и процесот на нивната реинтеграција по напуштањето на прифатилиштето.

## 2.1 УЛОГАТА НА ПРИФАТИЛИШТЕТО ЗА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

Прифатилиштето – Центар за жртви на трговијата со луѓе и на сексуално насилство е дел од системот на социјална заштита и овозможува привремено сместување и психо-социјална помош и поддршка, со цел рехабилитација и надминување на траумите и реинтеграција во средината.

Во РС Македонија, за прв пат во 2005 година, е отворено првото прифатилиште за заштита на жртвите од ТЛ од страна на ЗГ Отворена порта, кое до 2011 година функционираше како самостоен центар за жртвите на трговијата со луѓе, поддржан од меѓународни донатори. Од 2011 година, прифатилиштето станува државен Центар за жртви на трговијата со луѓе под надлежност на МТСП, а раководено од страна на Отворена порта. МТСП ги покрива трошоците за просторот и режиските давачки, додека програмските активности 24/7 ги спроведуваат вработените од ЗГ Отворена порта. Финансирањето на Центарот е поддржано од државни и меѓународни фондови, а напредок е што во 2019 г. МТСП за прв пат додели грант за спроведување на програмата во прифатилиштето. Од 2018 година во прифатилиштето, покрај жртвите на ТЛ, може да се згрижат и жртви на сексуално насилство. Центарот е од полуотворен тип, се наоѓа на тајна локација и со него раководи стручен тим составен од социјални работници, психолози и педагози, кои имаат долгогодишно искуство во оваа проблематика.

Програмата за директна помош и поддршка во прифатилиштето се состои од советодавна работа, индивидуална и групна терапија, едукативни и слободни активности и задоволување на основните потреби. Исто така, на корисничките, со предвидената програма на ЗГ Отворена порта, им се обезбедува правна помош, психолошко советување, образование и обуки, медицинска и хуманитарна помош. Дополнително, со Програмата за придружна социјална работа за ризични категории се опфатени лица коишто се под висок ризик како жртви на ТЛ или се жртви на ТЛ коишто не се сместени во прифатилиштето. Со оваа програма се опфатени и жртвите кои го напуштаат Центарот, со цел олеснување на процесот на реинтеграција и вклучување во нормалните животни текови. Лицата опфатени со оваа програма, покрај директна помош и поддршка, добиваат и семејно и индивидуално советување, олеснување на пристапот до соодветните услуги на локално ниво и долгорочна емоционална поддршка. [18]

При прием на жртвата во Центарот, постои стандардизиран протокол според којшто се обезбедува соодветно сместување и заштита на жртвата. Така, секоја од жртвите треба да потпише: изјава за користење на услугите, договор за сместување, договор за тајност, потврда за прием на предмети (мобилен телефон, пари и вредни предмети итн.), а при заминувањето се пополнува изјава за напуштање на Центарот. [19] За малолетните лица кои се сместуваат во Центарот, целата документација е потпишана од страна на старателот. Откако ќе се смести жртвата, се прави проценка на потребите и, врз основа на тоа, се изготвува индивидуален план за работа со жртвата. За секоја жртва се води досие, достапно само за лицата што работат со жртвите, со тоа што претходно сите вработени потпишуваат изјава за заштита на личните податоци на жртвите. Исто така, пред жртвата да го напушти прифатилиштето, се прави проценка и план за нејзина реинтеграција во средината. [20]

Во Центарот можат да бидат сместени македонски државјани и странски државјани со дозвола за престој. Доколку жртвата е странски државјанин без дозвола за престој, тогаш од страна на МВР – НЕСКМТЛ се сместува во Прифатен центар за странци додека не се регулира престојот. Аналогно на ова, практиката покажува дека Прифатниот центар за странци не е соодветен за обезбедување помош и заштита на жртвите од ТЛ, пред сé поради отсуство на стручен тим за работа со жртви на ТЛ.

[18] http://lastrada.org.mk/programa-socijalna-asistencija/
[19] Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена порта (2012) „Од сигурно сместување до социјална интеграција на жртвите на трговијата со луѓе“.



## 2.2. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД ДОСИЕЈАТА НА ЛИЦАТА ВКЛУЧЕНИ ВО ПРОГРАМАТА

Добиените квантитативни и квалитативни податоци од анализираните лични досиеја на корисниците на програмата на ЗГ Отворена порта од периодот помеѓу 2005 и 2020 година се поделени на 4 категории, и тоа:

- Општи и демографски податоци;
- Податоци за семејството и социоекономската состојба;
- Податоци за начинот на вовлекување и видот на експлоатација;
- Податоци според видот на укажаната помош.

### 2.2.1. ОПШТИ И ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ

Центарот е исклучиво наменет за лица од женски пол и има ограничен капацитет за сместување на максимум 5 лица. Сместените лица може да престојуваат од 3 до 6 месеци, со можност за продолжување на престојот до една година. Мора да се напомне дека во земјава нема прифатилишта за сместување лица од машки пол, но исто така и дека постоечкиот капацитет не обезбедува можност за раздвоено сместување на полнолетните и малолетните лица. Од ова може да се заклучи дека некои од жртвите остануваат на маргините на општеството, бидејќи не добиваат навремено адекватна помош и заштита поради недостигот од услуги. Примената на еден ист пристап на помош и поддршка е несоодветен за заштитата на сите жртви, и затоа постапувањето во случаите мора да биде базирано врз индивидуалните потреби на лицата во согласност со нивната возраст, пол, род, вид на експлоатација итн.

Проценката за сместување на жртвата во прифатилиштето ја прави социјален работник од Центарот за социјална работа, кој по направената проценка, изготвува решение за сместување на жртвата во прифатилиштето и истовремено, доколку жртвата е малолетна, и' се назначува законски старател од ЦСР (пропишано во Закон за семејство член177-б)[21] кој е обучен за работа со деца-жртви на трговијата со луѓе. Оваа проценка се прави во соработка со стручниот тим од Центарот за социјална работа.
Од вкупно анализираните 168 досиеја на корисниците на програмата на ЗГ Отворена порта во периодот помеѓу 2005 и 2020 година, 131 жртва била сместена во Центарот, додека 37 лица кои биле под висок ризик на ТЛ или биле жртви на ТЛ биле опфатени со Програмата за придружна социјална работа за социјално ризични категории.

Слика 2: Преглед на корисниците според возраст 2005-2020




[20] Ibi
[21] Законот за семејство (2014) стр. 42 е достапен на : https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-semejstvoto-20-10-2014-prechisten-tekst.pdf

Сите кориснички на програмата се од женски пол. Од Графиконот 2 се забележува дека најзастапени се малолетни женски жртви на возраст помеѓу 15 и 17-годишна возраст. Може да се каже дека е проблематично сместувањето жртва под 12-годишна возраст, со оглед на тоа што не постојат други прифатилишта од ваков карактер. Просторот исто така не е соодветен за мајки со деца. Интервјуираниот претставник на ЗГ, кој работи таму од самото основање на прифатилиштето и има долгогодишно работно искуство, наведува:

*Многу одамна е утврдена потребата за постоење посебни прифатилишта за малолетни и возрасни лица, за мажи, за жени, за мајки со деца итн., меѓутоа секогаш сме финансиски ограничени. Ние се финансираме од донации, од надворешни и внатрешни партнери, со кои соработуваме на проекти. Во рамките на ова прифатилиште, доколку имаме полнолетни и малолетни лица, гледаме да имаат посебни соби каде што нема да бидат мешани, но дневната и кујната се заеднички простории.“*

На прв поглед, според местото на живеење, од прикажаните податоци на Графиконот 3 може да се види дека поголемиот дел од жртвите на ТЛ се од урбана средина – 58 %, додека 42 % се од рурална средина. Но имајќи ја предвид пропорционалноста по број на населението во урбаната и во руралната средина, може да се заклучи дека поголема е застапеноста на жртвите во руралните средини. Една од причините е ограничениот пристап до услугите од превентивен карактер.




СЛИКА 3:
ПРЕГЛЕД НА КОРИСНИЦИТЕ СПОРЕД МЕСТОТО НА ЖИВЕЕЊЕ
2005-2020

Според степенот на образованието, од прикажаните податоци на Графиконот 4 се забележува дека поголем дел од жртвите на ТЛ се со незавршено основно образование. За разлика од тоа, мошне мал е бројот на жртвите кои завршиле високо образование. Од една страна, тоа може да биде индикатор за лошата економска состојба на семејството, поради што поголемиот дел од нив се со незавршено образование, а од друга страна покажува како ниското ниво на образование е фактор на ризик за полесно станување жртва на трговијата со луѓе.






СЛИКА 4: ПРЕГЛЕД НА КОРИСНИЦИТЕ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ 2005-2020

## 2.2.2. ПОДАТОЦИ ЗА СЕМЕЈНАТА И СОЦИОЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА НА КОРИСНИЦИТЕ

Во однос на семејната структура на жртвите, може да се каже дека таа е разновидна. Некои од жртвите доаѓаат од семејства со двајца родители, некои од нив се деца на разведени родители, некои живеат со еден од родителите поради смрт на другиот или од други причини, или, пак, живеат со други членови од семејството.

Од обработените податоци дали жртвите доаѓаат од семејства кои се ризик-фактор за нивното вовлекување во синџирот на трговија со луѓе, добиени се следните податоци: според прикажаната бројка на Графиконот 5, може да се види дека 71 % од жртвите доаѓаат од семејства кај кои се присутни индикации за ризик, при што најчестите од нив се: семејно насилство, воспитна запуштеност, зависност од психотропни супстанци и алкохол, ментални нарушувања, членови на семејството кои се сторители на кривични дела итн. Процентот на жртвите, пак, кои доаѓаат од семејства каде што не е присутен ниту еден од горенаведените ризици е релативно мал (29 %).

Лошата социо економска состојба често се нагласува и како еден од факторите поради коишто жртвите се подложни да бидат вовлечени во синџирот на ТЛ. Тоа се потврдува со податоци добиени од анализираните досиеја на корисниците. Од Графиконот 6 се гледа дека 28 % од жртвите доаѓаат од семејства во кои најчесто сите или некој член од семејството остварувало некое право од социјална заштита (гарантиран минимален приход, корисник на помош и нега од друго лице, посебен додаток, детски додаток итн.). Освен тоа, поголем дел од семејствата на жртвите немале никакви примања (33 %), што укажува на нивната лоша социоекономска состојба. Кај само 14 % од корисниците, двајцата или едниот родител, или некој друг член во семејството, остварувал некаков приход. Додека за 25 % од корисниците не е добиен податок.

Сепак, не треба да се генерализира дека жртви на ТЛ се само лица кои потекнуваат од сиромашни семејства. Жртви на трговијата со луѓе можат да бидат и лица кои доаѓаат од семејства со солидна социоекономска состојба. Не треба да се запоставаат и традиционалните родови улоги во семејството бидејќи поголемиот дел од жртвите на трговијата со луѓе се жени, што, пред сѐ, се должи на фактот дека жените се перципираат како сексуален објект којшто може да се продава без да се земе предвид нивната волја.

СЛИКА 5 : ПРЕГЛЕД НА СЕМЕЈСТВАТА НА КОРИСНИЦИТЕ СПОРЕД ПОДЛОЖЕНОСТА НА РИЗИЧНИТЕ ФАКТОРИ - 2005-2020




СЛИКА 6 : ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕНИ МЕСЕЧНИ ПРИХОДИ ВО СЕМЕЈСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ - 2005-2020




## 2.2.3. ПОДАТОЦИ ЗА НАЧИНОТ НА ВОВЛЕКУВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ И ВИДОТ НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

Регрутирањето на жртвата е еден од основните елементи во процесот на трговијата со луѓе. Лицата кои ги регрутираат жртвите користат најразлични начини на принуда, измама и сила. Воспоставувањето доверба или емотивна блискост со жртвата е еден од основните начини што се користат за вовлекување. Регрутерите можат да бидат членови на семејството, познајници, партнери, пријатели итн. Како што може да се види од добиените резултати во Графиконот 7, најголем дел од регрутерите им биле познати на жртвите, односно 40 % од жртвите биле регрутирани од членови на семејството или од блиски роднини, додека 35 % биле регрутирани од пријатели.

Регрутерите користеле различни методи за да ги вовлечат жртвите во синџирот на трговијата со луѓе: понуди за работа, претставување како лажен дечко за да ја добијат довербата на жртвата, а во поново време застапено  е запознавањето преку социјалните мрежи, како што се; Messenger, Instagram, Tinder и други социјални мрежи.



СЛИКА 7:  ПОВРЗАНОСТ НА ЛИЦЕТО КОЕ ГИ РЕГРУТИРАЛО ЖРТВИТЕ / КОРИСНИЧКИ - 2005-2020




Според добиените резултати од обработените досиеја (прикажани во Слика 8), поголем дел од корисниците биле сексуално експлоатирани, но исто така имало случаи на комбиниран вид на експлоатација, сексуална и трудова, како и принуден брак и сексуална експлоатација. Само 4 корисници, пак, се ставени во категоријата на друг вид на експлоатација (станува збор за потенцијални жртви, лице кое извршило кривично дело, питачење итн.).

СЛИКА 8: ПРЕГЛЕД НА КОРИСНИЦИТЕ СПОРЕД ВИДОТ НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА - 2005-2020



## 2.2.4. ПОДАТОЦИ СПОРЕД ВИДОТ НА УКАЖАНАТА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ

Поголем дел од корисниците опфатени со програмата на ЗГ Отворена порта доживеале тешки трауматични искуства како потенцијални жртви или жртви на трговијата со луѓе. Ова придонело кај нив да се појават чувства на страв, сомнеж, дезориентација, депресија, несоница итн. Поради ова,корисниците кои се згрижени во прифатилиштето поминуваат низ еден период на адаптација, а со нив работи стручен тим којшто обезбедува психо-социјална поддршка и психолошко советување. Корисниците кои не се згрижени во прифатилиштето, пак, се опфатени со Програмата за придружна социјална работа за социјално ризични категории, во рамките на која од страна на стручните лица им е обезбедена емоционална поддршка, советодавна помош и поддршка со семејството и контакти со институциите според нивните потреби.

СЛИКА 9: ПРЕГЛЕД  НА ОБЕЗБЕДЕНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ 2005-2020




Во зависност од потребата на жртвата, се обезбедува и потребната помош (медицинска помош, правна помош, продолжување на образованието итн.). Од обработените досиеја на корисниците, во Графиконот 9 се забележува дека на 74 % од нив им се обезбедени медицински услуги и прегледи, и тоа: општ лекарски преглед, специјалистички гинеколошки преглед, микробиолошки и лабораториски испитувања, тестови за ХИВ, хепатит, туберкулоза, специјалистичка психијатриска помош, болнички третман и стоматолошки интервенции и прегледи. Доколку жртвите немаат здравствено осигурување или не можат да ги обезбедат потребните лекови, трошоците најчесто ги покрива самата организација. Доколку жртвата е странски државјанин без регулиран престој, тогаш  организацијата ги покрива здравствените трошоци во соработка со друга меѓународна  организација. Сепак, ЗГ не секогаш имаат финансии за подмирување на здравствените трошоци на жртвите.

Иако Законот за здравствена заштита и Законот за здравствено осигурување пропишуваат дека сите граѓани на Р. С. Македонија имаат право на бесплатно здравствено осигурување, во практиката ситуацијата е сосема поинаква.

Во Законот за здравствено осигурување (членот 5) не е прецизно пропишано дали жртвите на трговијата со луѓе имаат право на бесплатно здравствено осигурување.[22] Тоа е клучно да се наведе бидејќи некои од жртвите, иако се родени во Р. С. Македонија, се соочуваат со недостиг од лични документи бидејќи нивното раѓање не е запишано во Матичната книга на родени, а со тоа автоматски им се попречува правото на бесплатно ЗО. Ниту, пак, за странските жртви на трговијата со луѓе без регулиран престој во земјата не е пропишано законски како да остварат бесплатна здравствена заштита. Во таа насока, претставник на ЗГ наведува:

*Кај нас најчесто се донесуваат законски регулативи што не се функционални на национално ниво, иако жртвите можат да обезбедат бесплатен преглед, не можат да добијат бесплатни лекови.*

[18] http://lastrada.org.mk/programa-socijalna-asistencija/
[19] Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена порта (2012) „Од сигурно сместување до социјална интеграција на жртвите на трговијата со луѓе".






СЛИКА 10: ПРЕГЛЕД НА ОБЕЗБЕДЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, ПРОФЕСИОНАЛНА ДОКВАЛИФИКАЦИЈА И ОБУКА 2005-2020

Во однос на зајакнувањето на жртвите од ТЛ, на корисниците им се обезбедува продолжување на образованието, професионална доквалификација и обуки на работно место. Од обработените податоци прикажани на Графиконот 10, може да се види дека во периодот од 2005 до 2020 година, на 55 корисници им е обезбедено образование и професионална доквалификација. Дел од жртвите го продолжиле образованието вонредно, за што биле потребни финансиски средства: за набавување училиштен прибор, за полагање предметни испити итн. Дополнително биле потребни финансиски средства и за корисниците кои посетувале обуки за професионална доквалификација (обука за козметичар, фризер, масер итн.). 113 од корисничките, пак, не продолжиле со образование и професионална доквалификација, а причините за тоа се нивниот краток престој во Центарот, од една страна, и незаинтересираноста да го продолжат образованието, од друга страна. Важно е да се напомне дека две кориснички се запишале на универзитет. Претставникот на ЗГ кој долго време работи во прифатилиштето со жртвите го кажа следното во оваа насока:

*Сме имале најразлични случаи, нашите очекувања и стремежи се тие да ги надминат траумите и стресовите со кои се соочиле и со кои сè уште се соочуваат. Меѓутоа, има жртви кај кои постигнавме позитивни резултати. Има деца кои го продолжија нормалниот тек на живеењето, го продолжија образовниот процес иако го имаа прекинато, што за нас е многу важно, затоа што тоа им е како една можност за сигурност во натамошниот живот. Имаме жртви на коишто сме им помогнале да се запишат на факултет и успешно да се вклопат во средината. Многу од нив се омажија, си создадоа свои семејства и имаат убави моменти. Но има и такви кои не го продолжија образованието и за жал, повторно се вовлекуваат во трговијата со луѓе.*

Од истиот графикон се гледа дека на 13 корисници им се обезбедила обука на работното место, а на 155-мина не им е обезбедена таква можност поради фактот што немале завршено основно образование. Имало и такви кои не сакале да бидат вклучени. Иако ЗГ Отворена порта работи во насока на економско зајакнување на жртвата, сепак во земјата не постојат посебни програми и мерки со кои ќе можат жртвите да бидат вклучени во работниот процес. Во овој контекст, претставникот на ЗГ наведува:

*Жртвите на трговијата со луѓе не ги користат активните мерки за вработување обезбедени од државата преку Агенцијата за вработување. Тоа е така најмногу затоа што АВРСМ нема посебен систем со којшто ќе се гарантира заштитата на  личните податоци и статусот на  лицата-жртви. Сепак, станува збор за жртви на сексуална и трудова експлоатација, а за нив приватноста е многу значајна. Нашето мислење е дека тие треба да имаат предност во користењето на активните мерки, што би придонело за нивна успешна реинтеграција.*

Правната помош на жртвите од ТЛ во рамките на програмата се остварува преку нивно советување, како и законско застапување на судските рочишта од страна на искусен адвокат, запознаен со оваа специфична проблематика. Во Македонија, во 2019 година, е донесен  Законот за бесплатна правна помош, со којшто, според член 17, е пропишано кој може да остварува бесплатна правна помош.  Жртвите можат да ја остварат бесплатната правна помош[23] преку регионалните одделенија на Министерството за правда или преку овластени ЗГ.[24]  Сепак, ова право го нема искористено никоја од жртвите поради ненавременото назначување законски застапник.

СЛИКА 11: ПРЕГЛЕД НА БРОЈОТ НА КОРИСНИЦИТЕ КОИ БИЛЕ ЗАСТАПУВАНИ ВО СУДСКИ ПРОЦЕС - 2005-2020




Од обработените податоци од досиејата на корисничките (Графикон 11), се добива податок  дека на сите кориснички им било обезбедено правно советување по однос на нивните права. Сепак, на 73 % од корисниците им е обезбедено правно застапување на суд, а на 27 % од корисниците не им е обезбедено. Причините за необезбеденото правно застапување на корисничките на суд се различни: некои од нив одбиле да соработуваат со надлежните институции, некои кратко престојувале во прифатилиштето, а кај некои постоел страв дека со преземањето кривична постапка повеќе ќе им се наштети од страна на сторителот.

За корисничките на кои им е обезбедена правна помош, односно правно застапување, се организира период на подготовка од страна на вработеното лице во прифатилиштето и нивниот законски застапник, односно адвокатот. Подготовките се од психолошки аспект, во смисла на тоа како ќе се одвива судскиот процес, со кого ќе се сретнат во судницата, како да се однесуваат итн. Претставник на ЗГ, кој исто така учествувал во подготовките на корисничките, нагласува:

*За нив е многу битно прашањето дали ќе се сретнат со сторителите и како ќе го доживеат тој момент, со промена на Законот и отворањето можност за давање исказ преку видеоснимка на жртвите, тука е олеснителниот дел – што не треба да се соочуваат со сторителот и психички се порелаксирани, не ги преживуваат повторно траумите што ги доживеале.*

Жртвите на трговијата со луѓе, покрај правото на отпочнување кривична постапка против сторителот, исто така имаат право за поднесување имотно-правно барање за добивање надомест од сторителот поради претрпена материјална и нематеријална штета. Иако обесштетувањето на жртвите на трговијата со луѓе е предвидено во членот 53 од Законот за Кривична постапка,[25] исплаќањето на обесштетувањето е сѐ уште енигма во нашата пракса. Од спроведеното интервју со адвокатот којшто ги застапува жртвите на ЗГ Отворена порта се добива податок дека постапките за пронаоѓање и казнување на сторителите за делото трговија со луѓе се бавни и неефикасни. Само во две постапки кои биле водени во Кривичниот суд им бил доделен надомест на штета на двете жртви, но овие надоместоци не се наплатени бидејќи сѐ уште се во тек постапките за извршување или постапките за надомест на штета од државен фонд.
Парадоксално е што во Министерството за правда постои фонд преку којшто треба да се обезбеди исплата

[23] Барателот на секундарна правна помош (во натамошниот текст: барателот) има право да добие секундарна правна помош доколку поради својата финансиска состојба не може да ги оствари со Уставот на Република Северна Македонија и со закон загарантираните права, без да го загрози сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живее во заедничко домаќинство – Закон за бесплатна правна помош (2019) достапен на: https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20besplatna%20pravna%20pomos.pdf[19] Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена порта (2012) „Од сигурно сместување до социјална интеграција на жртвите на трговијата со луѓе“.
[24] Ibid



на отштетата за деца-жртви на трговијата со луѓе доколку таа не може да се обезбеди од сторителот, но во пракса фондот е нефункционален. За возрасни жртви на трговија со луѓе, пак, не постои таков фонд преку којшто би се извршило обесштетување. Но, покрај со кривичната постапка, правото на надомест на штетата жртвите можат да го остварат и со отпочнување граѓанска постапка. Сепак, со отпочнувањето граѓанска постапка се повлекуваат дополнителни трошоци коишто треба да ги обезбедат  самите жртви и поради тоа тие честопати се откажуваат од остварување на правото на обесштетување. Адвокатот на ЗГ Отворена порта нагласува дека постоечките законски регулативи што ги застапуваат правата и интересите на жртвите на ТЛ не овозможуваат активно учество на жртвите, но проблематичен е и самиот начин на нивното спроведување:

*Најчесто жртвата или нејзиниот законски застапник и полномошник не се повикуваат во текот на судската постапка за да можат да побараат остварување на минимум правата што ЗКП ги гарантира, како, на пример, имотно-правно побарување. Жртвата нема право на жалба на пресудата, освен во однос на висината на штетата. Недостигот од закон со којшто ќе се гарантира надомест на штетата од државен фонд оневозможува жртвите да добијат материјална сатисфакција за претрпениот страв и страдање како жртви на трговијата со луѓе.*

Отворена порта од 2009 г. активно лобира за правото на надомест на жртвите на трговијата со луѓе, односно врз законски измени за олеснување на пристапот на жртвите до правни лекови, вклучувајќи го и државниот фонд за надомест. Покрај истражувања и анализи, во 2016 г. Отворена порта подготви предлог-текст на Законот за  надомест на штета, којшто беше  промовиран меѓу одговорите институции и донесувачи на одлуки. Врз основа на овој предлог-текст, во 2019 г. се изготви Законот за паричен надоместок на жртви на криминал, којшто е во финална фаза за усвојување и примена.

## 2.3 КАКО СЕ ОДВИВА РЕИНТЕГРАЦИЈАТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

Клучен елемент по напуштањето на прифатилиштето на жртвите на трговијата со луѓе е долгорочното планирање на нивниот процес на реинтеграција, со цел да се превенира нивното повторно враќање во кругот на трговијата со луѓе.

Во Р. С. Македонија, во 2014 година, е донесена Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на жртвите на трговијата со луѓе.  Целите на програмата се: овозможување пристап на жртвите на трговијата со луѓе до постоечките права на системот за заштита, олеснување на реинтеграцијата на жртвите, воспоставување човечки, технички и институционални капацитети на локално и национално ниво, итн.[26] Како главни елементи во Програмата се наведуваат: безбедно сместување, образование, домување, вработување итн.[27]

Во реалноста, освен донесената Програма за помош и поддршка при реинтеграција на жртвите на трговијата со луѓе, не постојат други нови програми, а и постоечката е нефункционална. Дополнително, во Законот за социјална заштита од 2019 година не се јасно пропишани формите на заштита што им се достапни на жртвите на ТЛ, како и  услугите што им се потребни во насока на нивната реинтеграција.

Во праксата е најдобро, по напуштањето на прифатилиштето од страна на жртвите, особено децата-жртви, тие да се вратат во своите биолошки семејства, што не е секогаш возможно. Претходно се остварува разговор со семејството на жртвата за да се види дали може жртвата да се врати во семејството, се прави проценка дали враќањето на жртвата во семејството ќе има негативни последици, се работи врз повторно прифаќање на жртвата назад во семејството итн. Доколку малолетната жртва е експлоатирана од членови на семејството, тогаш таа се сместува во некои од малите групни домови или во згрижувачки семејства. Сепак, бројот на згрижувачки семејства е недоволен и не сите згрижувачки семејства се специјализирани да работат со деца-жртви на ТЛ. Од друга страна, се поставува прашањето дали групните домови како форма на згрижување имаат доволно капацитети за да одговорат на специфичните потреби на жртвите. Во праксата постојат случаи децата кои питачат, односно биле трудово експлоатирани од нивните семејства, повторно да бидат вратени во своите биолошки семејства поради немањето достапни услуги и финансиски ресурси што би помогнале во нивниот процес на реинтеграција.

Возрасните жртви, пак, по напуштањето на прифатилиштето најчесто се соочуваат со невработеност, проблеми со домувањето итн., иако во самата програма за реинтеграција на жртвите од ТЛ вработувањето, домувањето, продолжувањето на образованието се наведени како главни елементи во нивниот процес на реинтеграција.

[25] „да учествува во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотно-правното барање за штета“ Закон за кривична постапка (2010), достапен на: http://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/Zakon_za_Krivicna_postapka_150_18112010-2.pdf
[26] Министерство за труд и социјална политика (2014)  „Програма за помош и поддршка при реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе“.
[27] ibid

Сепак, оваа програма е ограничена и недостапна поради немањето финансии и технички капацитети, од една страна, а од друга страна, институциите коишто треба да ја спроведуваат оваа програма  немаат експертиза како да ја имплементираат. И покрај напорите за децентрализација на услугите за ранливите групи, вклучувајќи и жртвите на трговијата со луѓе, не постои доволна вклученост на локалната самоуправа во спроведување на државната Програма за помош и поддршка при реинтеграција на жртвите на трговијата со луѓе.



# III.
# ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ НИЗ ПРИЗМАТА НА ЖРТВИТЕ

## 3.1 МОНИКА: „МИСЛЕВ ДЕКА Е ИСКРЕНА ЉУБОВ“

Моника доаѓа од рурална средина, од источниот дел на Македонија. Таа имала само 5 години кога нејзините родители се разделиле; по разводот на родителите, таа останала да живее со мајка и', а татко и' се преженил:

**Татко ми едно време пиеше многу, мајка ми малку претеруваше, во секој брак има караници, ама ете, она не можеше да го сочува бракот, имаа недоразбирања, а она кај ќе одела, во полиција ли?**

По неколку години мајка и' стапува во втор брак, и така кон нивното семејство се приклучил и очувот, кој Моника го опишува како прилично грижлив и добар човек. Како ученичка во основното училиште, се опишува себеси како мирна, повлечена; не правела некои проблеми како што знаеле да го прават тоа некои нејзини соученици. Во училиштето не се чувствувала прифатена од страна на нејзините соученици, дури некогаш ја навредувале со секакви недолични зборови:

**Во основно училиште имав страв, трема, кога наставничката нешто ќе ме прашуваше, како јазикот да ми се плеткаше. Разговарав со мајка ми и таа ми викаше, не треба да бидеш таква, замисли си дека си дома и така раскажи и' се на наставничката. Јас и' викав дека ќе зборувам, ама сите деца ми се смееја, никое од другарчињата не сакаше да се дружи со мене. Седев сама во клупа во училиште, другарките од моето школо беа многу разгалени, но јас не можев да го надминам тој период. Машките сé повеќе се зафркаваа со мене, ме нарекуваа со секакви погрдни зборови и тоа правеше да се чувствувам лошо, ме нарекуваа „тиква“, „слепа“ и доста такви зборови користеа.**

Во нејзиниот живот настанал пресврт откако започнала интензивно да комуницира со Сања (тетка од татковата страна) и нејзината ќерка Ана. Била среќна што се дружела со Ана, бидејќи за прв пат сретнала другарка која ја прифатила и одлично се согласувале во заедничката комуникација и дружба.

Се договориле да се сретнат во центарот на градот. Ана и Сања и' предложиле да одат во слаткарница. Во слаткарницата Моника се запознала со Алберт, кој работел таму.

**Кога бевме заедно таму, имаше едно  момче, ми изгледаше личен, згоден и јас се заљубив во него, имаше 24 години.**

Оттогаш Моника и Алберт постојано контактирале преку Инстаграм. На нејзиниот 14-ти роденден, Моника повторно се сретнала со Ана и заедно отишле во истата слаткарница за се сретнат со Алберт. Алберт тој ден и' подарил на Моника торта и ѓердан, бидејќи знаел дека и' е роденден.

**Ми беше роденден и јас првин отидов во трговскиот центар во градот, а потоа со Ана отидовме во слаткарницата и таму го сретнав него и тој ми даде торта и ми рече тортата е платена, а јас му реков како е платена, се чудев, и ми рече среќен роденден, и ми вика 'чекај да ти го дадам поклонот' и ми даде сребрено ланче. Тој знаеше дека ми е роденден затоа што ми го следеше Инстаграмот. Гледаше кога имам роденден, сликите ми ги гледаше...**

Моника и Алберт неколку месеци тајно се забавувале бидејќи мајка и' не ја одобрувала нивната врска. Во меѓувреме Моника лудо се вљубила во Алберт. По извесно време, Алберт ја запознал Моника со својот другар. Еднаш, Моника се договорила со Алберт да дојде во градот и да се сретнат пред чаршијата, но кога таа отишла на договореното место, наместо Алберт се појавил неговиот другар.

**Јас отидов пред чаршија, но гледам дека тој не е таму, го видов другар му и кога му реков зошто не е Алберт, тој ми рече дека Алберт го испратил. А сега, си викам, ти заглави? Тој ден бев принудена да имам сексуални односи со другарот на Алберт.**

Оттогаш Алберт преку Инстаграм и' пишувал каде да оди и со кого да се среќава за да даде сексуални услуги.

**Алберт преку Инстаграм ми пишуваше каде да се најдам со тоа лице, а ако јас му викав не сакам, не можам, тој тогаш ми викаше да го заборавам, а јас пак бев премногу заљубена во него. И тој нонстоп си го повторуваше своето, јас не знаев дека е коцкар, тој постојано идеше по казина.**

Моника никому не кажувала за тоа што и' се случува со Алберт, за тоа знаела само Ана. Во училиштето почнала да пројавува чудно однесување: да не оди редовно на настава и да заостанува со учењето. Таквото однесување било забележано од страна на училишниот педагог, кој ја повикал Моника на разговор. Моника многупати била повикана на разговор од страна на педагогот, бидејќи во околината во којашто живеела започнале да се шират лоши гласишта за нејзиното однесување. Еден ден самата одлучила да му раскаже на педагогот за тоа што и' се случува:

**Еден ден отидов јас сама кај педагогот и кажав дека имам лоши чувства и дека имам лоши мисли дека ќе направам некоја глупост, ќе се самоубијам, ми доаѓаше да кршам. Чувствата ми беа доста променливи, сакав да се затворам сама во соба. Имав такви некои периоди кога лежев, ништо не правев, ме мрзеше да работам. Педагогот разговараше со мене, не го памтам баш разговорот и на крај и' реков дека јас правам нешто што мислам дека не е во ред, тогаш педагогот ми рече, ти не си виновна за тоа што ти се случило.**

Педагогот, по разговорот со Моника, се јавил во Центарот за социјални работи и разговарал со социјалниот работник задолжен за работа со деца. По неколку дена, Моника и мајка и' биле повикани на разговор во ЦСР, каде што било присутно и службено лице од МВР – НЕСКМТЛ. По разговорот, на Моника и' било кажано дека извесен период ќе биде сместена во Центарот за лица-жртви на трговија и сексуално насилство, заради нејзина безбедност, и дека ќе има привремен старател назначен од ЦСР.

За односот на вработените од МВР - НЕСКМТЛ и ЦСР, таа кажува:

**Пристапот на старателката беше доста коректен кон мене, малку бев исплашена кога разговарав со МВР, реално имав страв, но тоа сама си го направив мислејќи 'сега ќе ме притворат поради Алберт', ама не, таа беше многу добра со мене, ако не ги разбирав прашањата, старателката ми ги објаснуваше.**

Во Центарот стручните лица и' обезбедија психолошко советување, медицинска помош, советување од адвокат во однос на правната процедура. Дополнително, Моника го продолжи образованието и, со поддршка од страна на вработените, успеа вонредно да ја заврши школската година. Слободното време и' беше исполнето со организирани активности, за кои самата кажува:

**Таму ми беше убаво, често знаевме да излегуваме во природа, да разгледуваме некои знаменитости или, пак, одевме во парк. Исто така боевме шишарки и доста слични активности правевме.**

Иако Моника се чувствуваше безбедно во прифатилиштето, сепак и' недостасуваше нејзиното семејство.



## 3.2 АНА: „ПОВЕЌЕ НЕ МОЖАМ ДА ВЕРУВАМ НИКОМУ"

Ана е најмалото дете од вкупно три деца во семејството. Таа живее со семејството во југоисточниот дел на Македонија. Мајка и' на Ана е лице со нарушено ментално здравје:

**Мајка ми има психички проблеми откако ни ја срушија куќата, јас тогаш имав 7-8 години, оттогаш мајка ми не беше добра.**

Поради болеста, мајка и' не можела да се грижи за домашните работи, и затоа Ана и татко и' се грижеле околу тоа.

Кога наполнила 13 години, Ана отворила свој личен профил на Фејсбук, а како пријатели ги прифатила нејзините блиски роднини и познајници од училиштето и околината. Еден ден таа како пријател го прифатила и Игор, којшто не го познавала лично.

**Јас контактирав со него преку Месинџер, тој е од истото место каде што живеам и јас, го знаев од претходно и затоа го прифатив, тој е доста повозрасен од мене.**

Ана и Игор честопати комуницирале преку Месинџер, најчесто разговарале за онлајн игри и други слични теми. Така, Ана и тој почнале да се спријателуваат и еден ден се договориле да се сретнат во најблискиот парк и да играат домино. Оттогаш средбите биле почести:

**Се среќававме во паркот и игравме домино, јас инаку многу сакам да играм домино, понекогаш и брат ми доаѓаше и играше со нас.**

Ана и Игор со текот на времето станале прилично блиски пријатели, но таа пријателска блискост се променила кога Игор почнал да и' се заканува.

**Тој прво ми се закануваше дека ќе му наштети на моето семејство ако не го правам тоа што тој сака од мене. Заканите лично ми ги праќаше, знаеш, тој татко можеше да ми биде, немав некоја симпатија кон него. Може да ја смениме темата, не сакам да разговарам за тие моменти...**

Ана била сексуално искористувана од Игор, но не кажувала никому. Класната раководителка забележала дека нешто не е во ред со неа. Во училиште била постојано со мобилниот телефон в рака и често изостанувала од часовите. Еден ден класната и' го одзела мобилниот телефон на Ана и почнала да го пребарува. Во него пронашла порнографски слики и заканувачки пораки кои Игор и' ги испраќал на Ана. Класната раководителка веднаш искontaktирала со Центарот за социјални работи и ги пренела информациите за случајот. Ана била повикана на разговор во Центарот за социјална работа, каде што и' предложиле да ја сместат на безбедно место (Центарот за жртви на трговијата со луѓе и сексуална експлоатација) сé додека не се разреши случајот со Игор. Ана прифатила да биде згрижена бидејќи се плашела за својата безбедност и сакала некој да и' помогне. Назначениот старател од ЦСР го информирал нејзиното семејство, бидејќи таа немала храброст да им раскаже на своите родители за тоа што и' се случило:

**Немав разговарано со моето семејство, мојот старател им кажал, по неколку месеци се видов со нив (родителите), првиот пат многу ми беше срам.**

Ана била во лоша психичка состојба и затоа во Центарот првично и' било обезбедено специјализирано психолошко советување. Лицето кое ја тргувало не ја малтретирало физички, но таа била изложена на континуирана психичка тортура којашто и' оставила длабоки трауми:

**„Навечер ми доаѓаа лоши мисли, мислев дека нешто лошо ќе ми се случи и во мислите ми беше дека Игор ќе ме најде каде сум. Постојано плачев и бев преплашена.**

Односот на вработените лица во ЦСР и МВР – НЕСКМТЛ го опишува како професионален и коректен:

**Старателот од ЦСР е многу добар со мене, многу е внимателен. Прашањата што ми ги поставуваше старателот беа јасни, и тој ми објасни дека ќе треба да одам на суд и да сведочам за тоа што ми се случило. Во прифатилиштето дојдоа и од МВР и бидејќи не можев првиот пат да им раскажам што и како се случило, вториот пат кога дојдоа, ми рекоа, ако не можеш нам да ни раскажеш тоа што ти се случило напиши ни на лист хартија, и јас наредниот ден зедов еден лист и им напишав сé како што било.**

На Ана и' беше обезбедена правна помош од ангажираната адвокатка од ЗГ Отворена порта, а против сторителот беше отворено обвинение. Ана го опишува своето искуство со судијата, адвокатите и останатите на следниот начин:

**Јас бев излезена на суд со адвокатот, се немав видено в лице со него (сторителот). Тие ме прашуваа, јас им одговарав, тоа беше просторија каде што имаше повеќе адвокати. Но, пред тоа вработените од Отворена порта и адвокатката која ме застапуваше психолошки ме подготвија за таму. Покрај судијата, ме прашуваа и други луѓе, но мора да кажам дека мачно ми беше сето тоа. Среќна сум што тој (сторителот) заврши во затвор и нема веќе да ме малтретира.**

Додека престојуваше во прифатилиштето, Ана продолжи со образованието и ги полагаше вонредно предметните испити, за кои вработените од Отворена порта и' помагаа во совладувањето на материјалот, по што заврши осмо одделение. По напуштањето на прифатилиштето Ана се врати, кај своите родители и продолжи со образованието, а за доживеаното искуство кажува:

**Сфатив дека не сум правела лошо за да се срамам од моите родители, туку бев принудена. Но, научив дека само на моите родители ќе им верувам, не и на другите.**



## 3.3 САНДРА: „ВО МОЈОТ СЛУЧАЈ НЕ ПОСТОИ ПРАВДА“

**Да бидеш сексуално злоупотребувана, и кога ќе им кажеш на другите, прво – не ти веруваат, второ – мислат дека сама си го барала и трето – ти си ороспија за нив.**

На 15-годишна возраст Сандра одлучила да избегала од дома, бидејќи не можела повеќе да живее во сиромаштија. Таа, со своите родители и сестри, живеела во јужниот дел на земјата. Поради ограничените можности за работа во градот каде што живеела, таа се упатила во главниот град да бара работа во еден угостителски објект. Не можејќи да најде сместување и работа, му се јавила на Иван, познајник од претходно. Иван ја убедувал Сандра да оди и да живее со неговата постара сестра Ирена, која исто така живеела под кирија. Сандра, среќна, ја прифатила понудата.

На почетокот Ирена добро се однесувала со Сандра, но по неколку дена и' побарала пари за кирија. Ирена и' објаснила на Сандра што ќе треба да „работи“, но Сандра не прифатила и оттогаш започнале постојани вербални и физички напади врз неа. Сандра била немоќна да се спротивстави. Под закани и присила, таа била сексуално злоупотребувана од страна на клиенти кои ги наоѓала Ирена. Паричните средства ги земала Ирена. Сандра била физички малтретирана доколку се спротивстави.

Сексуалните услуги Сандра ги давала во приватни домови. Една ноќ, возилото со кое се превезувале Сандра и клиентот било запрено при рутинска контрола на полицијата. Дежурниот полициски службеник побарал документи од Сандра и од лицето кое било со неа, но бидејќи Сандра немала никакви документи, таа и клиентот биле однесени во полициска станица.

Во полициската станица ја прашувале Сандра колку години има и зошто во ноќни часови била во автомобилот со возрасно лице со кое не е во никакво сродство. Во тој момент Сандра почнала да плаче и му раскажала на дежурниот полициски службеник за тоа што и' се случувало. За испрашувањето од страна на полицискиот службеник Сандра кажува:

**Однесувањето на еден од полицајците во полициската станица беше непрофесионално, тој не гледаше да ми помогне, туку ме малтретираше; ми удри шлаканица и ме третираше како проститутка, тој (полицаецот) почна да вика и да ми вели дека лажам, а јас му кажував реално каква ми беше ситуацијата.**

Во меѓувреме, Сандра била пријавена од страна на родителите како исчезната, во полициската станица во градот во којшто живеела. Полицијата ги известила родителите на Сандра дека е пронајдена и ја вратила дома. Таа неколкупати била повикана на распит во полициска станица во градот во којшто живеела. Лице од МВР – НЕСКМТЛ и' понудило на Сандра да биде сместена во Центарот и таа се согласила. Првично и' бил обезбеден медицински преглед (гинеколошки и психијатриски) како резултат на влошената психичка и здравствена состојба.

**Службеното лице од МВР ме праша дали сакам да одам во прифатилиштето на Отворена порта. Првично одбив бидејќи ми беше страв, но тој ми објасни дека таму ќе бидам безбедна и ќе се грижат за мене, и јас се согласив. Тој ми ги објасни правата што ги имам и ми објасни дека никој не може ништо да ми направи и без разлика дали ќе бидам сместена во прифатилиштето или не, пак од полицијата ќе имам поткрепа, дека можам да ги побарам кога сакам и тогаш така малце се почувствував послободна, поопуштена. Значи, освен него и вработените од Отворена порта никој друг ми немаше кажано за моите права и кога ги запознав вработените од прифатилиштето, тогаш малце се почувствував посигурна, побезбедна.**

По 6 месеци започнал судскиот процес. За искуството од судскиот распит, Сандра кажува:

**Имав адвокат од страна на Отворена порта и претходна подготовка за тоа што и како ќе се случува внатре во судницата. Ама судиите не ми се погодија, некако многу незаинтересирано делуваа, првиот судија којшто го имав само ми зеде изјава и толку, додека со вториот судија се видов седум пати, од кои само двапати ме виде и обата пати беше стварно страшно, особено вториот пат. Обвинетите беа таму и судијата буквално застана на нивна страна. Кога видов дека судијата веќе е на нивна страна, јас не осетив никаква помош, никаква сигурност, полиција немаше внатре во судницата и поради тоа се осеќав поисплашена. Адвокатот на обвинетите дофрли некои недолични зборови кон мене и судијата почна да се смее. Најлошото беше што судијата дозволи еден од обвинетите да стане и да дојде до мене во текот на судскиот процес. Кога мојата адвокатка виде што се случува, му рече на судијата дека ова не е во ред, тогаш судијата на обвинетиот му рече, вратете се назад ве молам, значи ништо друго не му рече и поради тоа јас не се осеќав безбедна во судница.**

Судскиот процес на Сандра траел седум години, а во меѓувреме имало пауза 2-3 години. Сепак, повторно била повикана. Последниот пат била повикана на суд во својство на жртва за да даде изјава пред обвинетата, која и' избегала на правдата во текот на првичниот судски процес. При повторната соочување, Сандра веќе е полнолетна и за неа претставува тортура навраќањето во минатото, кое сака да го заборави. За ова, таа кажува:

**Не се осеќаш безбедно, страшно е пак да се навраќаш, пак трауми, пак апчиња да треба да пиеш, пак на психијатар да одиш и сé ми се чинеше како од почеток да се повторува. Наместо да гледам кон иднината, јас пак се враќам во минатото цело време, тамам ќе заборавам и наместо да продолжам со мојот живот, повторно се враќам назад.**

По завршувањето на судскиот процес, во пресудата и' била доделена и сума за надомест на штетата, која никогаш не и' била исплатена. Сандра сé уште живее во страв и исчекување дека пак ќе биде повикана на суд и повторно ќе треба да минува низ истиот тежок пат. За ова, таа кажува:

**Сé уште се одолговлекува мојот судски процес, не знам што ќе биде и секој момент очекувам да ме викнат пак на суд и тоа ти создава притисок. Чувствувам страв, затоа што еден од сторителите е во бегство и ако ја фатат таа личност, пак ќе ме викнат на суд да сведочам. Дали ќе биде по 5 или 10 години, пак ќе мора еднаш засекогаш да стават печат. Јас не барам ништо, ни затвор да ги ставаат, ни барам да ми дадат оштета, само едноставно крај да се стави на сé.**

Со долгогодишната поддршка од страна на Отворена порта, Сандра успеа да го заврши средното образование и да се запише на факултет.





# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Во овој дел се прикажани заклучоците што произлегоа од анализата на услугите коишто ги обезбедува Отворена порта и на проблемите со коишто се соочуваат жртвите на трговијата со луѓе. Дополнително, овде се даваат препораки до институциите и ЗГ за подобра заштита на жртвите и заради ефективно спроведување на механизмите за справување со трговијата со луѓе во Р. С. Македонија.

Заклучоците и препораките се поделени според темите за коишто се дискутира во оваа анализа: идентификација, заштита и реинтеграција на жртвите од трговија со луѓе.

## 1. Идентификација на жртвите на трговијата со луѓе

Како што е веќе разгледано во делот за инкриминирањето на ТЛ во националните и во меѓународните документи и закони, Р. С. Македонија обезбедува заштита на жртвите на трговијата со луѓе во согласност со меѓународните стандарди. Особено позитивна новост е инкорпорирањето на начелото за неказнување на жртвите на трговијата со луѓе во Кривичниот закон.

Идентификацијата на жртвите во практиката се покажа проблематична, како резултат на малата бројка официјално идентификувани лица наспроти реално постоечката бројка на жртви од ТЛ. Тоа, пред сé, се должи на отсуството на волја кај надлежните институции да го препознаат овој проблем, на недостигот од човечки и технички капацитети, на отсуството на едукација и препознавање на веќе постоечките индикатори за идентификување на жртвите од страна на надлежните институции, особено на препознавањето на трудовата експлоатација во неформалниот сектор. Истовремено, како проблем се јавува и неефикасноста и слабата координација на надлежните институции при преземањето дејствија во согласност со постоечките Стандардни оперативни процедури за постапување со жртвите на трговијата со луѓе.

Дополнително, индикаторите и СОП за постапување со жртвите на трговија со луѓе не се ревидираат навремено за да бидат во соогласност со новите трендови во трговијата со луѓе и со потребите на жртвите.

Позитивна новост во праксата е и формирањето мобилни тимови во кои биле вклучени сите засегнати страни (институции и ГО) во индетифицувањето жртви на ТЛ, особено со зголемениот број на идентификување потенцијални жртви на ТЛ. Во тој контекст, произлегува и потребата од препознавање на терминологијата 'потенцијални жртви' во самата законска рамка, за да може да се преземат соодветни мерки и дејствија за заштита на таквите лица.

**Препораките што произлегоа во однос на идентификацијата на жртвите од трговијата со луѓе се следните:**

- Проактивна идентификација на жртвите на ТЛ од страна на надлежните институции, како и преземање дејствија за рана идентификација на странски и македонски државјани жртви на ТЛ.
- Вклучување повеќе актери и зголемување на нивните ингеренции во идентификувањето жртви од ТЛ. Меѓу нив се: здравствени работници, просветни работници, полициски одделенија при СВР, трудови инспектори, лични асистенти кои работат со лица со попреченост, социјални работници од ЦСР, ГО и итн.
- Да продолжат да функционираат мобилните тимови за идентификација на потенцијални и на жртви на трговијата со луѓе, да се прошири нивната работа во повеќе градови на Р. С. Македонија и да се обезбеди нивна одржливост.
- Ревидирање на постоечките индикатори и на Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на ТЛ во согласност со постоечките појави на трговија со луѓе.
- Зајакнување на потребните вештини за идентификација на жртви од ТЛ, (скрининг, интервју и упатување на случаи на ТЛ) на полициските службеници кои ја извршуваат својата дејност на локално ниво, на граничната полиција, на трудовите инспектори, на социјалните работници од ЦСР, НВО, на личните асистенти кои работат со лица со попреченост итн.
- Организирање кампањи и подигнување на свеста за трудовата експлоатација во ризичните сектори (градежништво, земјоделство, туризам, угостителство итн).
- Организирање кампањи и обуки за препознавање и самоидентификација на ТЛ од страна на лица кои се под ризик, посебно кај лицата со пречки во интелектуалниот развој.
- Обезбедување финансиска поддршка од страна на државата за единствената бесплатна СОС-линија за помош од трговијата со луѓе, како најлесно достапен сервис за граѓаните и за жртвите на трговијата со луѓе.
- Зајакнување на координацијата и соработката на институциите на централно, локално и регионално ниво за поефективна идентификација.
- Воспоставување и зајакнување на транснационалната соработка помеѓу Р. С. Македонија и земјите дестинации за жртвите на ТЛ, со цел идентификација, превенција и сигурно враќање на жртвите.

## 2. Заштита и реинтеграција на жртвите на трговијата со луѓе

Добиените резултати од оваа анализа покажуваат дека иако постои државно прифатилиште за жртвите на ТЛ во земјава, раководено во партнерство на Отворена порта и МТСП, сепак е забележлива потребата од зголемување на сместувачките капацитети и нивна финансиска одржливост.

Во земјата нема прифатилишта за сместување на лица од машки пол, но постоечкиот капацитет не обезбедува ниту можност за раздвоено сместување на полнолетните и малолетните лица. Од ова може да се заклучи дека некои од жртвите остануваат на маргините на општеството, бидејќи не добиваат навремена и адекватна помош и заштита поради недостиг од сервиси. Примената на еден ист пристап на помош и поддршка е несоодветен за заштита на сите жртви, и затоа постапувањето во случаите мора да биде базирано врз индивидуалните потреби на лицата во согласност со нивната возраст, пол, род, вид на експлоатација итн.

Од анализираните досиеја се идентификуваа повеќе препреки и предизвици со коишто се соочуват жртвите. Неможност да се обезбеди бесплатен здравствен преглед за сите жртви на ТЛ, особено за лица кои не се регистрирани во Матичната книга на родени во земјава, како и за странските државјани без регулиран престој. Пристапот до образование, односно повторното вклучување на децата-жртви во редовното и задолжително образование е ограничен и нефункционален. Во земјата не постојат посебни програми и мерки со коишто жртвите ќе можат да бидат вклучени во работниот процес во насока на економско зајакнување. Жртвите на трговијата со луѓе не ги користат активните мерки за вработување обезбедени од државата преку Агенцијата за вработување, поради тоа што АВРСМ нема посебен систем со којшто ќе се гарантира заштитата на личните податоци и статусот на лицата-жртви.

Од друга страна, практиката покажува дека на ниту една жртва не и' била обезбедена бесплатна правна помош од страна на Министерството за правда, како и исплата на обесштетува, иако се донесени судски пресуди за ова. Во тој контекст, како проблем се појавува и долгогодишното траење на судските процеси, со што жртвите се подложуваат на понатамошна ревиктимизација. Понатаму, како проблем во практиката се јавува и отсуството на заштита на жртвите во својство на сведоци во текот на истражната и судската постапка.

Загрижувачки проблем во земјата е реинтеграцијата на жртвите во заедницата по напуштањето на прифатилиштето, пред сé поради отсуство на долгорочни одржливи програми, со што се зголемува можноста за нивно повторно навлегување во синџирот на трговијата со луѓе.

**Во таа насока произлегоа следните препораки:**

- Проширување на сместувачките капацитети на постоечкото прифатилиште за жртви на ТЛ, како и обезбедување посебно прифатилиште за малолетни и полнолетни жртви.
- Обезбедување прифатилиште за возрасни и малолетни машки жртви на ТЛ, на коишто ќе им се обезбеди потребната помош и заштита во зависност од нивните индивидуални потреби.
- Воспоставување алтернативни центри за обезбедување помош и заштита на локално ниво, како што се дневни центри, советувалишта итн., доколку жртвата не сака да биде сместена во прифатилиште.
- Спроведување медиумски кампањи за информирање и упатување на жртвите за бесплатна правна помош пропишана во Законот за бесплатна правна помош.
- Навремено назначување законски застапник на жртвата според Законот за бесплатна правна помош.
- Зајакнување на капацитетите на истражните органи – МВР (материјални капацитети) и Јавното обвинителство (човечки капацитети – специјализирани ЈО за овој вид на криминалитет и работа со жртви на ТЛ) на национално и на локално ниво.
- Обезбедување бесплатни медицински прегледи за сите жртви на ТЛ (домашни, странски државјани без регулиран престој), со уредување во законската рамка во Законот за здравствено осигурување.
- Вклучување на децата-жртви на трговијата со луѓе во редовното образование во најкраток рок да биде приоритет за одговорните институции, особено за старателите на овие деца во целиот процес на заштита и реинтеграција.
- Усвојување на предлог-законот за парична исплата на жртвите на криминал, со којшто би се овозможило воспоставување фонд за надомест на штета за жртвите на трговијата со луѓе.
- Обезбедување посебни мерки и програми за вработување на жртвите од ТЛ преку Агенцијата за вработување на Р. С. Македонија, со цел нивна успешна реинтеграција.
- Планирање и имплементирање долгорочно одржливи програми за реинтегррација на жртвите по напуштање на прифатилиштето на локално ниво.
- Обезбедување обуки на надлежните институции кои ќе бидат вклучени во имплементирањето на програмата за реинтеграција на жртвите од ТЛ.
- Поголема вклученост на локалната самоуправа во спроведувањето на Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на жртвите на трговијата со луѓе преку обезбедување услуги, како и преку човечки и финансиски ресурси.
- Да се спроведе во пракса лиценцирањето на давателите на социјални услуги, со што НВО што се занимаваат со одредена специфична проблематика, во овој случај со трговијата на луѓе, ќе можат поефикасно да работат во однос на обезбедувањето, заштитата и реинтеграцијата на жртвите од ТЛ.
- Овозможување континуитет на услугите за жртвите на трговијата со луѓе преку доделување финансиски ресурси на НВО од страна на државата.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Стејт Департмент на САД (јуни 2020) „Трговија со луѓе, извештај 20. издание“. Достапно на: https://www.state.gov/wp-content/uploads/2020/06/2020-TIP-Report-Complete-062420-FINAL.pdf

- Влада на Република Македонија, Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (2018) „Стандардни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе“ Достапно на: http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/MK-SOP.pdf

- Влада на Република Македонија, Национална комисија за борба против трговија со луѓе илегална миграција во Република Македонија „Извештаи за досегашните активности на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција од 2003 до 2018“. Достапни на : http://nacionalnakomisija.gov.mk/mk/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%bd%d0%b8-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%b-d%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d0%bc/

- Годишен извештај на МВР (2019). Достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%9E%D0%9A%D0%A0%D0%90/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202019.pdf

- ГРЕТА (2017) 39 „Извештај во врска со имплементацијата Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа на Поранешната Југословенска Република Македонија“. Достапно на : https://rm.coe.int/greta-2017-39-frg-mkd-en/168078aeba

- ЗГ Отворена порта и Здружение за еманципација солидарност и еднаквост на сите, Балкан дејствувај сега (2020) извештај „Каква е состојбата со трговијата со луѓе во РСМ?“ Достапно на: https://drive.google.com/file/d/15a__YrdBXAFrDB4LPNyRQ_si91ZTCu0w/view

- Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена порта (2012) „Од сигурно сместување до социјална интеграција на жртвите од трговија со луѓе“. Достапно на: http://lastrada.org.mk/wp-content/uploads/2019/04/Analiza-Otvorena-Porta_compressed-1.pdf

- Индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе (2014). Достапно на: http://nk.lazarevski.com/wp-content/uploads/2016/12/%D0%98%D0%BD%D0%B4%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D0%B-D%D1%82%D0%B8%D1%84%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B-D%D0%B0-%D0%B6%D1%80%D1%82%D0%B2%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D1%82%D1%80%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%BB%D1%83%D1%93%D0%B5-2014.pdf

- Конвенција на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе (2005). Достапно на: http://semper.org.mk/wp-content/uploads/2017/07/konvencija_na_sovetot_na_evropa_mkd.pdf

- Министерство за труд и социјална политика (2014) „Програма за помош и поддршка при реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе“ Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/Programa_reintegracija_lica.pdf





- Меѓународна организација на трудот, Женева (2017), „Глобална проценка на модерното ропство; принудна работа и принуден брак“. Достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/-dcomm/documents/publication/wcms_575479.pdf

- Протоколот за спречување сузбивање и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца, со кој се надополнува Конвенцијата на ОН за против транснационален организиран криминал (2000). Достапно на: https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/protocoltraffickinginpersons.aspx


**Закони**


- Кривичен закон (2013) достапно на: https://www.pravdiko.mk/wp- content/uploads/2013/11/Krivichen- zakonik-integralen-prechisten-tekst.pdf190-

- Кривичен закон (2018) достапен на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-izmenuvane-i-dopolnuvane-31-12-2018.pdf

- Закон за семејство (2014) достапен на : https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-semejstvoto-20-10-2014-prechisten-tekst.pdf

- Закон за здравствено осигурување (2016) достапно на: http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/27.%20ZAKON%20ZA%20ZDRAVSTVENOTO%20OSIGURUVAWE%20precisten%20do%20142%20od%202016.pdf

- Закон за бесплатна правна помош (2019) достапен на: https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20besplatna%20pravna%20pomos.pdf

- Закон за кривична постапка (2010) достапен на: http://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/Zakon_za_Krivicna_postapka_150_18112010-2.pdf


**Податоци од интернет**


https://ako.mk/13-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%BD%D0%B0-%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%98%D1%83-%D0%B4%D0%BE%D0%BC-25-%D0%BC%D0%B0%D1%98-%D0%B0%D0%B1/

http://lastrada.org.mk/programa-socijalna-asistencija/

# ШТО ВЕЛАТ ДРУГИТЕ ЗА ОТВОРЕНА ПОРТА

Кога немало надеж дека злоупотребеното дете ќе биде заштитено и адекватно згрижено, Ла Страда ги отвораше своите врати и ни враќаше верба дека нашето општество може да напредува и да обезбеди правда за најранливите и најзагрозените. Постоењето на Ла Страда беше еден од главните фактори за отпочнување на судските процеси против лицата кои злоупотребувале деца, односно Ла Страда обезбеди заштита на детето-сведок во судскиот процес.
Чувствувам голема благодарност и почит кон сите вработени во Ла Страда, кои во својата работа покажаа вистинска професионалност и посветеност.

Билен Карахасан – ЦСР Гостивар

Нека продолжат со работа како досега; имаме одлична соработка и се надевам дека ќе се зголеми бројот на вработените и кај нив бидејќи потребата за отворање повеќе шелтер-центри е голема, не само во Скопје туку низ територијата на цела Македонија, и особено за лица од машки пол, што сега ни недостасува. Се надевам дека ќе продолжат со ова темпо на работа, па дури и позасилено.

Соња Арсова – ЦСР Скопје

ЗГ Отворена порта досега се истакнала како лидер во областа на национално ниво и е препознаена како таква во регионот и во Европа. Во следниот период сигурна сум дека ќе ја здружи и ќе ја унапреди таквата позиција. Сметам дека со своите капацитети во следните 10 години ќе постигне финансиска стабилност и одржливост на услугите кои ги нуди, а кои се неопходни за помош и поддршка на жртвите на трговијата со луѓе, и ќе биде клучен партнер во процесите за донесување одлуки поврзани со трговијата со луѓе и со заштитата на жртвите, вклучувајќи ја и компензацијата.

Наташа Бошкова - Адвокатка

Морам да кажам дека е една од ретките организации кои професионално ја вршат својата работа и, како и многу организации имале растежи и падови, ама мислам дека треба да го задржат континуитетот во работењето, професионалноста којашто сега ја имаат и посветеноста на работата. Мојата препорака до нив е да продолжат со истото темпо и со уште поголем ентузијазам да работат, и дека без НВО ние, како институции, навистина многу тешко би се снашле во секојдневното работење, затоа што тие се пофлексибилни да продолжат и да останат пофлексибилни да ги следат трендовите затоа што се на терен, затоа што од теренот можат да видат што се случува и да алармираат.

Светлана Цветковска– НМУ МТСП

Изразувам голема благодарност за досегашните напори и професионална соработка со НЕСКМТЛ и се надевам дека и понатаму ќе продолжите со вашата посветена работа на полето на трговијата со луѓе, особено во однос на рехабилитацијата и ресоцијализацијата на жртвите на ТЛ, како и во развивањето нови механизми за заштита и превенција на жртвите на ТЛ, со посебен осврт кон обезбедување и грижа на жртвите кои го напуштаат Центарот за жртви на трговијата со луѓе и сексуално насилство и нивната понатамошна реинтеграција во општеството.

Благица Петковска – НЕСКМТЛ

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING